# 15

# Совет за безбедност на Република Македонија

## 1. Состав на Советот за безбедност на Република Македонија

Советот за безбедност на РМ го сочинуваат носителите на најзначајните функции во РМ:

- претседателот на РМ;
- претседателот на Собранието;
- претседателот на Владата;
- министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи;
- министерот кој раководи со Министерството за одбрана;
- министерот кој раководи со Министерството за надворешни работи;
- тројца членови кои ги именува претседателот на РМ.

Според Амандманот XIII, усвоен во 2001 година, при именувањето на тројцата членови, претседателот на РМ треба да води сметка (или, според дикцијата на Амандманот, да обезбеди) за тоа составот на Советот, како целина, соодветно да го одразува составот на населението во Република Македонија.

Претседател на Советот за безбедност е претседателот на РМ.

## 2. Надлежност на Советот за безбедност

Советот за безбедност ги разгледува прашањата сврзани со безбедноста и со одбраната на РМ и дава предлози на Собранието и на Владата.

ПРАШАЊА:

1. Кој го сочинува Советот за безбедност?
2. Кој раководи со Советот за безбедност?
3. Во што се состои надлежноста на Советот за безбедност?